Република Северна Македонија

# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 12**

**18.09.2019**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот Реконструкција со ревитализација на улици: „Јордан Пиперката“, „Илинденска“, „Ѓорѓи Сугарев“, дел од улица „1-ви Мај“, дел од улица „Партизанска“**

1.Ја објавувам Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот Реконструкција со ревитализација на улици: „Јордан Пиперката“, „Илинденска“, „Ѓорѓи Сугарев“, дел од улица „1-ви Мај“, дел од улица „Партизанска“донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 16.09.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-852/1 Општина Демир Хисар
18.09.2019 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 16.09.2019 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот “Реконструкција со ревитализација на улици: „Јордан Пиперката“, „Илинденска“, „Ѓорѓи Сугарев“, дел од улица „1-ви Мај“, дел од улица „Партизанска“**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како дополнително сопствено учество за реализација на проектот **“Реконструкција со ревитализација на улици: „Јордан Пиперката“, „Илинденска“, „Ѓорѓи Сугарев“, дел од улица „1-ви Мај“, дел од улица „Партизанска“**.

Постигната вредност на проектот од став 1 на овој член изнесува 6.738.531,00 денари (по спроведен повик за поднесување понуди). Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со долгорочно домашно задолжување на општината во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП) во вредност од 5.430.774,00 денари, а преостанатите средства во вредност од 1.307.757,00 денари ќе биде дополнително сопствено учество на Општина Демир Хисар.

Член 2

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот “Реконструкција со ревитализација на улици: „Јордан Пиперката“, „Илинденска“, „Ѓорѓи Сугарев“, дел од улица „1-ви Мај“, дел од улица „Партизанска“ заведена под бр. 17-732/11 од 22.08.2019 година.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр. 17-833/2 Претседател
16.09.2019 на Совет на Општина Демир Хисар
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за**

**обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот “Јакнење на регионалните капацитети за одржување и заштита на патната инфраструктура во Пелагонискиот регион“**

1.Ја објавувам Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **“Јакнење на регионалните капацитети за одржување и заштита на патната инфраструктура во Пелагонискиот регион“** донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 16.09.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08-852/2 Општина Демир Хисар
18.09.2019 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 16.09.2019 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот “Јакнење на регионалните капацитети за одржување и заштита на патната инфраструктура во Пелагонискиот регион“**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **“Јакнење на регионалните капацитети за одржување и заштита на патната инфраструктура во Пелагонискиот регион“.**

Член 2

Планираната вредност за реализација на проектот од член 1 на оваа Одлука изнесува 6.600.000,00 денари.

Проектот ќе биде реализиран од страна на Центар за развој на Пелагониски плански регион.

Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со средства од Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2019 година во износ од 3.450.566,00 денари и средства од Општина Демир Хисар во износ од 3.149.434,00 денари како сопствено учество.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр. 17-833/3 Претседател
16.09.2019 на Совет на Општина Демир Хисар
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

---------------------------------------------------------

СОДРЖИНА

1. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот Реконструкција со ревитализација на улици: „Јордан Пиперката“, „Илинденска“, „Ѓорѓи Сугарев“, дел од улица „1-ви Мај“, дел од улица „Партизанска“------------------------------------ 1
2. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Јакнење на регионалните капацитети за одржување и заштита на патната инфраструктура во Пелагонискиот регион“------------------------------------ 2

**Општина Демир Хисар,**
**ул. Битолска б.б**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**